**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2007-227/14 од 13.7.2026 година донесена на 361. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 13.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област ортопедски болести (3.02.00.28) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**1.** Проф. д-р Зоран Божиновски – редовен професор за наставно-научна област ортопедски болести, Медицински факултет - Скопје, УКИМ – претседател;

**2.** Проф. д-р Љупчо Каревски – редовен професор во пензија за наставно-научната област ортопедски болести – член;

**3.** Проф. д-р Славчо Стојменски – редовен професор во пензија за наставно-научна област општа хирургија и трауматологија – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави вонреден професор д-р Јасмин Циривири, вработен во ГОБ „8 Септември“ - Скопје и на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Вонреден професор д-р Јасмин Циривири е роден на 11.7.1962 година во Скопје, РС Македонија. Основно училиште и гимназија завршил во Скопје. Со студиите на Медицинскиот факултет на УКИМ во Скопје започнал по отслужување на воениот рок, во студиската 1981/1982 година, и дипломирал во студиската 1987/1988 година, со просечен успех 8,8.

Од 1989 до 1991 година волонтирал на Клиниката за ортопедија при Медицински факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Љупчо Серафимовски. Во 1991 година се вработил како лекар на пракса во тогашната Воена болница при Министерството за одбрана, денешна Градска општа болница „8 Септември“. До 1992 година д-р Циривири извршувал работни задачи во рамките на општата медицинска пракса. Во март истата година, станал управник на Воената амбуланта за семејна медицинска пракса за Воената област – Тетово. Семејната медицинска пракса за војниците, старешините и членовите на нивните семејства во Воената област – Тетово ја извршувал до септември 1995 година, кога започнал со специјализацијата на Клиниката за ортопедија при Медицинскиот факултет на УКИМ во Скопје. По завршувањето на специјализацијата по ортопедија, во декември 1999 година, д-р Јасмин Циривири работел како ортопедски хирург на Одделот за ортопедија и трауматологија во Воената болница во Скопје.

Во август 2001 година д-р Јасмин Циривири е поставен за началник на Одделението за трауматологија во Одделот за ортопедска и трауматолошка хирургија во Воената болница во Скопје. Во мај 2007 година е назначен за началник на целиот Оддел за ортопедија и трауматологија во Воената болница во Скопје.

Притоа, тој работи на планирање, организирање, раководење, координација на процесите на лекарските прегледи, дијагностика, начини на лекување преку конзервативни третмани и хируршки интервенции, методи на постоперативни третмани на Одделот, се до август 2017 година, кога бил именуван за началник на хируршките одделенија во ГОБ „8 Септември“ - Скопје, позиција на која е се уште раководител.

За време на здравствената криза поради светската пандемија од Ковид-19, од март 2019 година и тековно, д-р Јасмин Циривири е назначен и за координатор на Ковид центарот во ГОБ „8 Септември“ - Скопје, преку кој се згрижени и третирани илјадници пациенти заразени од корона вирусот. За времетраење на вонредната состојба поради пандемијата до Ковид-19, д-р Циривири е активно вклучен во организирањето на работата во целата болница, во планирањето на оперативните третмани на хируршките одделенија, распоредувањето на персоналот, утврдувањето на протоколите за заштита од ковид, како и на протоколите за лекување, како и активно учество во секојдневното функционирање на Центарот и на болниците во услови на пандемија.

Докторската дисертација на тема „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“ ја одбранил на Медицински факултет - Скопје, УКИМ, во септември 2016 година и се стекнал со звањето доктор на медицински науки.

**Стручна дејност**

Како член на Редакцискиот одбор на Acta Ortopedica et Traumatologica Macedonica на МАДОТ – Македонско друштво на ортопеди и трауматолози активно учествува во повеќе организациски комитети за секој настан кој е во организација на МАДОТ.

Функцијата секретар на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози ја врши од септември 2021 до април 2026 година.

Во периодот 2019 и 2024 година бил претседател на Комисијата за полагање на испит за проверка на стручни знаења и способности при Лекарската комора на Република Македонија.

Како дел од активностите на Проектот на проф. д-р Javad Parvizi за поставување на протокол за дијагноза и лекување на инфекции на имплантирани ендопротези, избран е за член на меѓународниот консензус (еден од 400 претставници ортопедски-хирурзи) за донесување нови протоколи-процедури во третманот на оваа сложена компликација во 2019 година.

Од 2018 година е член на Комисијата за лекување на воени инвалиди на Република Северна Македонија, формирана од Министерството за труд и социјална заштита.

Вештак е во Државен завод за судски вештачења од областа на ортопедијата и трауматологијата, од 2014 година.

Во септември 2010 година д-р Циривири се здобива со лиценца на De Puy Institute од Германија, за инструктор за ревизија на имплантирани ендопротези на колк и колено.

**Наставна дејност**

На 16.3.2017 година, со Одлука бр. 2002-84/85, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, го избира д-р Јасмин Циривири за доцент за наставно-научната област ортопедија со трауматологија. Со Одлука бр. 2002-40/50 од 28.1.2022 година на 271. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип е избран во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област ортопедски болести.

**Научна дејност**

Едукацијата на д-р Циривири започнува веднаш по неговата специјализација. Тој учествува со свои трудови, но и како слушател, на бројни работилници, стручни секции и настани од научно-едукативн карактер, почнувајќи од 2001 година, па се до денес.

Има неколку едукативни престои во реномирани центри во Европа и САД, од кои најзначајни се едукацијата за минимално инвазивен преден пристап на колк во Специјалната ортопедска болница во Валдотра-Словенија и Рим-Италија, едукација за аугментација на колк во Artrex Institute - Германија, едукација за хирургија на колк и колено во Воено-медицинската академија на Турција и на Американската академија за ортопедска хирургија, потоа во Австрија и сл. Присуствува и како едукатор активно учествува во неколку обуки во земјата и на Балканот кои се однесуваат на хирургијата на колк и колено.

Бил организатор на голем број едукации за ортопедија во земјата, наменети за лекари специјалисти: ортопеди, медицински сестри и физиотерапевти.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор:***

**Општи услови**

**1.** Остварен просечен успех од 8,8 на студиите од прв циклус на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;

**2.** Доктор на науки од областа на медицината - докторската дисертација на тема „Третман во две фази на инфицирани ендопротези на колк и колено со примена на антибиотски спејсер“, одбранета на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ - Скопје на 13.9.2016 година.

**3.** Со Одлука бр. 2002-40/50 од 28.1.2022 година на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е избран за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за период од 5 години.

**4.** Објавени 6 (шест) научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години.

**5.** Познавање на 1 странски јазик – англиски јазик.

**6.** Демонстрирана способност за изведување високообразовна дејност; во изминатиот период д-р Циривири беше вклучен како наставник – вонреден професор во наставата по предметите: Ортопедски болести и Прва медицинска помош. Вонреден професор д-р Јасмин Циривири беше член на комисии за одбрана на повеќе дипломски трудови, како и претседател на комисии за одбрана на специјалистички испит.

**Посебни услови**

**Листа на научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 5 години**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Jasmin Ciriviri**, Tode Vranishkoski, Dushko Ciriviri, Darko Talevski | SHORT REWIEV OF DIRECT ANTERIOR APPROACH VS. LATERAL APPROACH IN TOTAL HIP ARTHROPLASTY-ONE MONTH AFTER SURGERY | JMS 2025;Vol8(2):50-56 UDC:616.728.2-089.844 | 2018 |
| 2. | Zoran Nestorovski, Zorica Vangelovska, **Jasmin Ciriviri**,Darko Talevski, Ana Marija Maneva | EVALUATING KNEE FUNCTION POST- ACL RECONSTRUCTION: CONVETIONAL VERSUS ALL - INSIDE TECHNIQUE USING LYSHOLM SCORE | Archives of public health Vol.16 No.2 2024 | 2009 |
| 3. | Darko Talevski, Jasminka Nancheva, **Jasmin Ciriviri**, Zoran Nestorovski, Zorica Vangelovska, Dushko Ciriviri, Kuzman Stefanovski, Jovanova Aleksandra | FUNCTIONAL IMPAIRMENT IN ASEPTIC LOOSENING OF TOTAL HIP ARTHROPLASTY: THE ROLE OF DEFECT SEVERITY, OSTEOLYSIS BURDEN, AND FIXATION TYPE | CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci.,XLVII 2,2026 ISSN 1857-9345 | 1980 |
| 4. | Darko Talevski, Jasminka Nancheva, **Jasmin Ciriviri**, Andrea Nancheva Bogoevska; | CEMENTED VERSUS CEMENTLESS FIXATION IN ASEPTIC LOOSENING OF TOTAL HIP ARTHROPLASTY: ASSOCIATION OF OSTEOLYSIS BURDEN WITH HARRIS HIP SCORE | KNOWLEDGE-International Journal Vol.76.4 | 2012 |
| 5. | Darko Talevski, Jasminka Nancheva, Dusko Ciriviri, **Jasmin Ciriviri**, Zoran Nestorovski, Toshe Vranishkovski, Nenad Atanasov, Zorica Vangelovska, Nenad Petkov. | RADIOLOGICAL CHARACTERISTICS OF OSTEOLYSIS IN CEMENTED VS.CEMENTLESS TOTAL HIP ARTHROPLASTY: A COMPARATIVE STUDY OF OSTEOLYTIC PATTERNS | JMS2026;Vol9(2):66-79, UDC: 616.728.2-77-073.75 | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Darko Talevski, Jasminka Nancheva, **Jasmin Ciriviri**, Nenad Atanasov, Zoran Nestorovski, Tode Vranishkovski, Nenad Petkov, Aleksandar Karevski, Zorica Vangelovska, Dusko Ciriviri, Aleksandra Jovanova. | POLYETHYLENE WEAR AND PAPROSKY MAP: AGE DRIVEN ACETABULAR BONE LOSS IN CEMENTED AND CEMENTLESS THA REVISION | Archives of public health Vol.18 No.1 2026 | 2009 |
| 7. | Vranishkoski T**, Ciriviri J**., Talevski D., Jovanova A. | ILIOPSOAS ABSCESS SECONDARY TO PYELONEPHRITIS WITH SUBSEQUENT UNILATERAL SACROILIITIS PRESENTING AS LOW BACK PAIN IN A YOUNG ADULT | Macedonian Journal of Anaesthesia (MJA) UDK: 616.748-002.3-076-085.281 | 2017 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

По објавениот Конкурс за избор на наставник во насловно звање доцент во 2016 година, кандидатот е избран за доцент за наставно-научната област ортопедија со трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр. 2002-84/85 од 16.3.2017 година.

Со Одлука бр. 2002-40/50 од 28.1.2022 година на 27. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип е избран во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област ортопедски болести.

Во периодот по изборот во доцент, а потоа и во вонреден професор, д-р Јасмин Циривири предавал на студиските програми: Општа медицина и Стручните студии за медицински сестри физиотерапевти, на следниве предмети:

- Ортопедија,
- Прва медицинска помош.

Од 2022 година предава на специјалистички стручни студии по предметот Комуникациски вештини.

Учествувал како член на Комисија за одбрана на дипломски трудови (>10 пати), член на Комисија за полагање на специјалистички испит (8), член на Комисија за одбрана на докторски труд (2).

Ментор бил и е на 7 лекари на специјализација по ортопедија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а активно е вклучен и во едукација на лекарите специјализанти на други сродни специјализации.

**Листа на трудови и активности од реализирана наставно-образовна и научноистражувачка дејност на вонреден професор д-р Јасмин Циривири во последните пет години:**

I. **Научен труд објавен во меѓународно научно списание:**

**1. Jasmin Ciriviri**, Tode Vranishkoski, Dushko Ciriviri, Darko Talevski, SHORT REWIEV OF DIRECT ANTERIOR APPROACH VS. LATERAL APPROACH IN TOTAL HIP ARTHROPLASTY-ONE MONTH AFTER SURGERY, JMS 2025;Vol8(2):50-56 UDC:616.728.2-089.844

Во трудот се прикажани раните резултати од оперативен третман на имплантирани ендопротези на колк со минимално инвазивен преден пристап на колкот. Направена е компаративна студија со класичниот латерален пристап на колкот. Притоа се анализирани раните резултати и компликациите кои се јавуваат со едниот и другиот оперативен третман. Трудот прецизно ги анализира актуелните моменти при овие пристапи и прави јасна дистинкција за раните резултати и компликациите кои се јавуваат како при едниот, така и со другиот пристап. Притоа е заклучено дека предниот пристап има предност во однос на латералниот пристап во раниот постоперативен период на рехабилитација во однос на функционалните резултати. Истиот е оптоварен со крива на учење за негова изведба, во кој период се можни и одредени негативни последици.

**2.** Zoran Nestorovski, Zorica Vangelovska, **Jasmin Ciriviri**, Darko Talevski, Ana Marija Maneva, EVALUATING KNEE FUNCTION POST-ACL RECONSTRUCTION: CONVETIONAL VERSUS ALL-INSIDE TECHNIQUE USING LYSHOLM SCORE, Archives of public health Vol.16 No.2 2024

Овој труд ја анализира функцијата на колениот зглоб по лигаментопластика на предниот вкрстен лигамент со две компаративни методи конвенционална и минимално инвазивна. И двете методи користат графт од мускулите семитендинозус и грацилис. Резултатите се анализирани со Лизхолм параметрите кои прецизно ја дефинираат зглобната подвижност и стабилност и трофиката на околуколената мускулатура, времетраењето кое е потребно за комплетно закрепнување и начинот на забрзаниот физикален третман кој оди во прилог на предност во закрепнувањето со минимално инвазивниот пристап на лигаментопластиката на предниот вкрстен лигамент.

**3.** Darko Talevski, Jasminka Nancheva, **Jasmin Ciriviri**, Zoran Nestorovski, Zorica Vangelovska, Dushko Ciriviri, Kuzman Stefanovski, Jovanova Aleksandra, FUNCTIONAL IMPAIRMENT IN ASEPTIC LOOSENING OF TOTAL HIP ARTHROPLASTY: THE ROLE OF DEFECT SEVERITY, OSTEOLYSIS BURDEN, AND FIXATION TYPE, CONTRIBUTIONS. Sec. of Med.Sci., XLVII 2,2026 ISSN 1857-9345

Асептичното олабавување по имплантација на тотална протеза на колкот е проследена со одредени функционални оштетувања на полиетиленската капа на ацетабуларната компонента. Истата е проследена со дефект на внатрешната површина на капата заради механичкото трошење на полиетиленот при триењето на металната глава на феморалната компонента, што се случува при движењата на вештачкиот зглоб на колкот. Во студијата се анализирани преку софистицирани радиолошки иследувања корелацијата на степенот на оштетување на оваа полиетиленска капа со степенот на остеолитични промени на коскените структури на ацетбулумот и горниот крај на фемурот при цементна и бесцементна фиксација.

**4.** Darko Talevski, Jasminka Nancheva, **Jasmin Ciriviri**, Andrea Nancheva Bogoevska; CEMENTED VERSUS CEMENTLESS FIXATION IN ASEPTIC LOOSENING OF TOTAL HIP ARTHROPLASTY: ASSOCIATION OF OSTEOLYSIS BURDEN WITH HARRIS HIP SCORE, KNOWLEDGE-International Journal Vol.76.4

Трудот ги анализира функционалните резултати со универзалниот Харис-Хип скор кај имплантираните ендопротези и притоа се анализирани

степенот на остеолитични промени и функционалниот резултат според Харис-Хип скорот при што заклучокот е дека степенот на остеолиза директно влијае на степенот на подвижност на колкот и олабавувањето на протезата која ги лимитира секојдневните активности опфатени во овој скор и значително ја олеснува дијагнозата за лабавост на протезата која е апсолутна индикација за нејзина ревизија (замена).

**5.** Darko Talevski, Jasminka Nancheva, Dusko Ciriviri, **Jasmin Ciriviri**, Zoran Nestorovski, Toshe Vranishkovski, Nenad Atanasov, Zorica Vangelovska, Nenad Petkov; RADIOLOGICAL CHARACTERISTICS OF OSTEOLYSIS IN CEMENTED VS.CEMENTLESS TOTAL HIP ARTHROPLASTY: A COMPARATIVE STUDY OF OSTEOLYTIC PATTERNS, JMS2026;Vol9(2):66-79, UDC:616.728.2-77-073.75

Во овој труд се прикажани радиолошките карактеристики на остеолитичните промени на коскената структура околу ацетабуларната шуплина и горниот крај на бутната коска при цементна и бесцементна еднопротеза на колк. Акцентот е ставен на остеолитичните промени кои доведуваат до олабавување на имплантираната ендопротеза, направена е компаративна студија каде што се анализирани причините кои доведуваат до остеолиза при овие два различни типа на ендопротези.

**6.** Darko Talevski, Jasminka Nancheva, **Jasmin Ciriviri**, Nenad Atanasov, Zoran Nestorovski, Tode Vranishkovski, Nenad Petkov, Aleksandar Karevski, Zorica Vangelovska, Dusko Ciriviri, Aleksandra Jovanova: POLYETHYLENE WEAR AND PAPROSKY MAP: AGE DRIVEN ACETABULAR BONE LOSS IN CEMENTED AND CEMENTLESS THA REVISION, Archives of public health Vol.18 No.1 2026

Во трудот е прикажана корелацијата помеѓу степенот на оштетување на полиетиленската капа и ацетабуларниот коскен дефицит, според класификацијата на ацетабуларен дефицит по методата на Папроски. Притоа се анализирани и времетраењето на користењето на полиетиленската капа кај цементните и бесцементните протези. Како заклучок се наведува дека со дефинираниот степенот на дефект на ацетабуларната коска според методата на Папровски значително се олеснува и хируршкиот пристап кога треба да се ревидира вградената протеза, каков ревизионен материјал треба да се планира, земајќи го предвид и податокот дали се работи за ревизија на бесцементна или цементна протеза заради различниот степен на коскено оштетување.

**7.** Vranishkoski T**, Ciriviri J**., Talevski D., Jovanova A, ILIOPSOAS ABSCESS SECONDARY TO PYELONEPHRITIS WITH SUBSEQUENT UNILATERAL SACROILIITIS PRESENTING AS LOW BACK PAIN IN A YOUNG ADULT. MJA, UDK: 616.748-002.3-076-085.281

Овој труд претставува приказ на случај. Од интерес е заради тоа што апсцесот на илиопсоасниот мускул е ретка состојба која потенцијално може да го загрози животот. Секундарниот апсцес на илиопсоасот како последица на пиелонефритис е ретко пријавуван, а директното ширење кон сакроилијачниот зглоб, што резултира со сакроилиитис, претставува невообичаена компликација. Раното откривање е од клучно значење, бидејќи почетните симптоми може да имитираат болка во долниот дел на грбот, непријатност во колкот или глутеалниот предел, односно инфекција на урогениталниот тракт, што често доведува до одложено поставување на дијагнозата. Раното поставување на дијагнозата и третман се од голема важност во лекувањето и спречувањето на смртна последица од заболувањето.

II. **Трудови со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир:**

**8. J.Ciriviri,** D. Talevski, Z. Nestorovski, N. Petkov. Treatment of loosening on implants components in revision hip surgery. Book of abstracts, III Congress of ortopedics and traumatology of Bosnia and Hercegovina with international participation.12-14 May 2022, Hotel Ternag Jahorina, Bosnia and Hercegovina.

Во трудот се опфатени 67 пациенти лекувани оперативно, заради олабавување на едната или двете компоненти на имплантирани ендопротези на колк кај кои настанал голем коскен дефект и истиот е оперативно лекуван. Опишан е начинот на дијагностицирање на дефектот, оперативната техника која е применета во лекувањето и постоперативниот период на следење на резултатите според Харис-Хип скорот. Наведено е како заклучок дека оваа метода на лекување овозможува добра и брза стабилизација на компонентите од ревизионите ендопротетски материјали со враснување на порозниот материјал во коскеното ткиво и стабилно оптоварување на оперираниот екстремитет.

**9. J.Ciriviri,** Mark Phillips, Niola Santori, Ibrahim Gado, Bola Acinola:What are The Contraindications for Performing Bilateral Total Knee Arthroplasty Under the Same Anesthesia. Abstract book, World Expert Meeting in Arthroplasty,August 30-31 2024 Istanbul Turkey

Во трудот се анализирани повеќе од 175 објавени трудови достапни во референтни публикации од страна на горенаведените автори. Претходно во траење од шест месеци имаше постојан контакт меѓу авторите за толкување на добиените резултати и начинот на презентација на трудот. Во трудот прецизно се објаснети сите можни контраиндикации за билатерална артропластика на протези на колено, истиот беше презентиран пред делегатите кои се членови на светското здружение за артропластика и од истите беше прифатено како препорака за билатерална артропластика на колено.

10. Terry A. Clyburn, Elizabet Ahk, Koos jordean, Eoin Sheehan, Dragan Radivojevic, **Jasmin Ciriviri**, Javad Parvizi: Does the Use of Ceramic Femoral Head Improve the Outcome of Primary Total Hip Arthroplasty**,** Abstract book, World Expert Meeting in Arthroplasty,August 30-31 2024 Istanbul Turkey.

Во трудот се анализирани повеќе објавени трудови достапни во референтни публикации од страна на горенаведените автори. По истиот принцип и овде претходно во траење од шест месеци имаше постојан контакт меѓу авторите за толкување на добиените резултати и начинот на презентација на трудот. Во трудот прецизно се објаснети причините кои доведуваат до оштетување на полиетиленската ацетабуларна капа, анализирани се истите и е направена компарација помеѓу метална и керамичка глава. Истиот беше презентиран пред делегатите кои се членови на светското здружение за артропластика и од истите беше прифатена како препорака третман.

**11. J.Ciriviri,** D. Talevski, Z. Nestorovski, T. Vranishkovski, Treatment of acetabular defects with porous metal augments in revision hip surgery. Abstract book, Congres with international participation. Sava Centar Belgrade. 25-27 September 2024 R. Serbia.

Во трудот се опфатени 82 пациенти, лекувани оперативно, заради олабавување на едната или двете компоненти на имплантирани ендопротези на колк кај кои настанал голем ацетабуларен дефект и истиот

е оперативно лекуван со надградба од порозен метал. Опишан е начинот на дијагностицирање на дефектот, оперативната техника која е применета во лекувањето и постоперативниот период на следење на резултатите според Харис-Хип скорот.

III. **Пленарно предавање на научен собир (поканет предавач):**

**12. J. Ciriviri** Treatment of acetabular defects, First Polytrauma Course with International Participation 8-9 June 2023, Skopje RN Macedonia.

Во трудот се опфатени 42 пациенти, лекувани оперативно, заради дефект на ацетабуларната коскена структура кај кои настанал голем ацетабуларен дефект и истиот е оперативно лекуван. Опишан е оперативниот пристап, оперативната техника која е применета во лекувањето. Период на следење на пациентите од 7 години.

**13. Jasmin Ciriviri** Distal Humeral Fractures. XI internacionalni simpozijum udruzenje za rame I lakat Srbije 16-17 Oktobar 2023 Beograd, R. Srbija

Презентацијата се однесува на повреди на дисталниот дел на хумерусот, механизам на повреда, дијагноза, класификација и конзервативен и оперативен третман. Воедно е и едукатор на група од десет слушатели за теоретски апликативен пристап на третманот на повредите во предел на лакотот.

**14. J. Ciriviri Foot and Ankle Injuries** AO Trauma Course Europe and Southern Africa, Skopje, North Macedonia. 22-23 Oktober 2024

Презентација на класификација на фрактури на дистален дел на тибиа со осврт на клиничката слика, дијагнозата и третманот на повредите во зависност од класификацијата на повредата согласно АО класификација. Воедно е и едукатор на група од десет слушатели на курсот за теоретска и апликативна третман на повреди на калканеус.

**15. J. Ciriviri CEE** Experts meeting with prof. Barett, Johnson-Johnson Institute. Online November 19th 2024.

Презентацијата се однесува на оперативно лекување на сложени гонартрози со примена на примарна ендопротеза. Елаборирани се сите предизвици кои се јавиле за време на оперативниот третман. Прецизно е објаснета хируршката техника и презентација на постоперативниот рендгенолошки и клинички резултат. Курсот е одржан за 50 слушатели искусни хирурзи во оваа област.

IV. **Секциско предавање на научен собир:**

**16. Ј. Циривири,** „Тумори на проксимален фемур и малигна болка" - Секциски состанок на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози. Современ тераписки пристап кон најчестите патолошки фрактури на колкот во ортопедската пракса. 1.4.2022 Скопје, Македонија.

**17. Ј. Циривири,** „Компликации на ендопротетска хирургија", Македонска асоцијација на ортопеди и трауматолози, Скопје, 15.10.2022 година, Скопје.

**18. Ј. Циривири,** „Артропластика на долен екстремитет» - Секциски состанок на Асоцијација на артроскописти на Северна Македонија, Скопје, 18.4.2023 година.

**19. Ј. Циривири,** „Актуелни решенија на хирургија на скочен зглоб" - Секциски состанок на Асоцијација на артроскописти на Северна Македонија, Скопје, 25.10.2024 година.

**20. Ј. Циривири,** „Третман на болка - наука или уметност" - Секциски состанок на Асоцијација на артроскописти на Северна Македонија, Велес, 21.11.2025 година.

V. **Листа на трудови и активности од остварената стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на професор д-р Јасмин Циривири**

**1.** Учебник по Ортопедија**,** автор Ј. Циривири, 2026 г.

Учебникот е напишан на 118 страници во А4 формат, лекториран, рецензиран и одобрен од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Штип. Се состои од два дела. Првиот дел го опфаќа историскиот развој на ортопедијата, потоа се опфатени најчестите поглавја од ортопедските заболувања кај возрасните и во детска возраст, нивната клиничка слика, посебни тестови на испитување, специфични инвестигации, дијагноза и современ третман. Во вториот дел се објаснети најчестите тестови од клиничкиот преглед, распоредени по системи кои овозможуваат иницијални сознанија за ортопедскиот статус кај болен или повреден пациент.

**2.** Член на Наставно-научен совет на Факултет за медицински науки при УГД „Гоце Делчев" - Штип.

**3.** Акредитиран ментор на докторски студии при Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**4.** Инструктор на „Johnson-Johnson Institute" за Југоисточна Европа за имплантација на ендопротези на колк и колено.

Вонреден професор д-р Јасмин Циривири е едукатор од 2019 година за „Hand on Hand surgery" на Џонсоновиот институт за Југоисточна Европа. Два пати во годината обучува специјалисти по ортопедија за имплантација на колк и колено. Обуката е дводневна, со присуство на двајца специјалисти кои присуствуваат на 4 оперативни интервенции и теоретски предавања за индикациите и хируршката техника во лекувањето.

**5**. Член на Редакцискиот одбор на Acta Ortopedica et Traumatologica Macedonica на МАДОТ – Македонско друштво на ортопеди и трауматолози активно учествува во повеќе организациски комитети за секој настан кој е во организација на МАДОТ.

**6.** Функцијата секретар на Македонското друштво на ортопеди и трауматолози ја врши од септември 2021 година до март 2026 година.

**7.** Во 2024 година е член на Комисијата за полагање на испит за проверка на стручни знаења и способности при Лекарската комора на Република Македонија**.**

**8.** Како дел од активностите на Проектот на проф. д-р Javad Parvizi за поставување на протокол за дијагноза и лекување на инфекции на имплантирани ендопротези, избран е за **член на меѓународниот консензус** (еден од 500 претставници ортопедски-хирурзи) од целиот свет за донесување нови протоколи-процедури во третманот на оваа сложена компликација од 2019 година.

**9.** Од 2018 година е член на Комисијата за лекување на воени инвалиди на Република Северна Македонија, формирана од Министерството за труд и социјална заштита.

**10.** Член на Комисија при Министерството за здравство за специјализациите-претставник од Факултетот за медицински науки при УГД-Штип.

**11.** Член на Комисија при Министерство за здравство за соработка со претставниците за здравство на Европска Унија.

**12.** Член на Комисија за лекување на воени инвалиди при Министерство за социјална политика, демографија и млади.

**13.** Вештак во Државен завод за судски вештачења од областа на ортопедијата и трауматологијата од 2014 година.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на анализа на целокупната доставена документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа вонреден професор д-р Јасмин Циривири, вработен во ГОБ „8 Септември“ и на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и ги исполнува сите законски услови за избор во звањето редовен професор за наставно-научната област ортопедски болести.

Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере вонреден професор д-р Јасмин Циривири во звање редовен професор за наставно-научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Зоран Божиновски, претседател, с.р.
Проф. д-р Љупчо Каревски, член, с.р.
Проф. д-р Славчо Стојменски, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР Д-Р ЈАСМИН ЦИРИВИРИ

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Избор во звање вонреден професор | **40** | | | | |
| | | | | | | |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | Број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3)<br>**Труд под реден број 1 – прв автор (1 x 9)**<br>**Труд под реден број 7 – втор автор (1 x 6)**<br>**Труд под реден број 2, 3, 4, 5 и 6 – останати автори (5 x 3)** | 1 x 9 = 9<br>1 x 6 = 6<br>5 x 3 = 15 | | | | **30** |
| 5 | Труд објавен во зборник на трудови<br>Труд под реден број 8,9,10 и 11 | | | 4 | 3 | **12** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир (под реден број 12, 13, 14 и 15) | 2 | 3 | 2 | 6 | **18** |
| 7 | Секциско предавање на научен собир (под реден број 16, 17, 18, 19 и 20) | 5 | 2 | | | **10** |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание (Acta Ortopedica et Traumatologica Macedonica) | 2 | | | | **2** |
| 20 | Член на организациски или научен одбор на научен собир (во земјава) | 4 x 1 | | | | **4** |
| 23 | Студиски престој во странство | 8 | | | | **8** |
| | **Вкупно** | | | | | **84** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | во земјава | | во странство | | |
| | | број | Поени | број | поени | вкупно |
| 1 | Книга / учебник | 1 | 10 | | | **10** |
| 13 | Учесник во научен проект (во странство) | 1 x 8 | | | | **8** |
| 26 | Раководител на катедра/оддел/центар | 1 x 3 | | | | **3** |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | 5 x 5 | | | | **25** |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија (Член на ННС на ФМН; Член на комисија за одбрана на дипломски трудови (>10 пати), член на Комисија за полагање на специјалистички испит (8), член на комисија за одбрана на докторски труд (2) | 21 x 2 | | | | **42** |
| | **Вкупно** | | | | | **88** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **212 бода** | | | | |